## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНИКОТ „РЕАЛИСТИЧНА МАКЕДОНСКА ПРОЗА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ” ОД АВТОРКАТА ПРОФ. Д-Р ЈОВАНКА ДЕНКОВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2402-174/3 од 113. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 4.12.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Блаже Китанов, редовен професор, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип;
– проф. д-р Махмут Челик, вонреден професор, Филолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје.

Рецензентската комисија имаше задача за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за рецензиран електронски учебник со наслов „**РЕАЛИСТИЧНА МАКЕДОНСКА ПРОЗА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ“** од авторката проф. д-р Јованка Денкова, наменет за студентите на втор циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, студиска група Македонска книжевност.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Материјалот на ракописот со наслов „**РЕАЛИСТИЧНА МАКЕДОНСКА ПРОЗА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ**“ од авторката проф. д-р Јованка Денкова е потполно компатабилен со наставниот план и содржините на предметот Реалистична македонска проза за деца и млади, кој според студиската програма на Филолошкиот факултет при универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се изучува како изборен предмет на втор циклус студии, на студиската насока Македонска книжевност, во прв семестар, со фонд на часови 2+2+1 и се вреднува со 6 кредити.

Ракописот е наменет како основна литература во изучувањето на наставните содржини по горенаведениот предмет. Наставните содржини се презентирани јасно и концизно со соодветни примери кои овозможуваат полесно разбирање и усвојување на материјата.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на македонски јазик во А4 формат, фонт Times New Roman, големина на букви кај насловите се 14, на содржините 12. Текстот содржи 99 страници и е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет. Трудот содржи четири поглавја со вкупно 27 наслови.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот преставува квалитетен труд кој ќе им помогне на идните постдипломци полесно да го совладаат материјалот, а воедно и да ги надградат своите знаења од ова област. Ваков тип на учебник од областа на книжевноста за деца за прв пат се објавува во нашата земја и заради го прави значаен за студентите-постдипломци по македонска книжевност.

**Краток опис на содржината:** При составувањето на учебникот, авторот имал за цел да вклучи содржини кои се од особена важност во едукацијата на идните наставници и истражувачи од областа на македонската книжевност за деца и млади. Учебникот ги содржи следните поглавја:

1. Автобиографскиот дискурс во македонската книжевност за деца и млади;
2. Дневничкиот дискурс во македонската книжевност за деца и млади;
3. Патописот како книжевен жанр во македонската книжевност за деца и млади;
4. Епистоларниот жанр во македонската книжевност за деца и млади.

Во првото поглавје се прави обид да се дефинира *автобиографијата* како книжевен жанр, по што се нудат неколку класификации и типологизации на автобиографиите. По тоа, се преминува на разгледување на автобиографските елементи во дела од македонски автори од 19 век, „Автобиографијата“ од Марко Цепенков и „Автобиографијата“ од Григор Прличев. По ова, се преминува на разгледување на автобиографскиот дискурс во примери од современата книжевност за деца и тоа кај авторите Ката Мисиркова-Руменова („Детството на Мисирков“), Пени Трпковски („Приказни од Саракиново“), Диме И. Каровски („Бело-црно детство“) и Томе Момировски („Бела“).

Во второто поглавје, поблиску се одредува дневничкиот дискурс во современата македонска книжевност за деца и млади, најпрвин со осврт кон неговите дефиниции, кон поблиско терминолошко дефинирање на поимот „дневник“ и негова класификација и типологизација, а потоа се преминува кон разгледување на дневничките елементи во делата на репрезентативни автори, како „Девојките на Марко“ од Оливера Николова, „Втората смена“ од Велко Неделковски, „Дневникот на Ања“ од Димитар Башевски. Потоа се преминува кон разгледување и анализа на дневничкиот дискурс во романите на Глигор Поповски, поточно во романите „Заборавениот колосек“ и „Бојан“.

Третото поглавје го елаборира патописот како книжевен жанр во современата македонска проза за деца и млади, каде што по дефинирањето и класификациите на жанрот се разгледуваат патописните елементи во делата на познатиот македонски писател за деца и млади – Видое Подгорец, „Пустини и оази“, „Црниот пантер“ и „Писма од Африка“.

Четвртото поглавје го разгледува епистоларниот жанр во современата македонска проза за деца и млади. Таму се прави обид за дефинирање и класифицирање на жанрот, по што се издвојуваат неговите најзначајни карактеристики. За подобра експликација се издвојуваат и посочуваат епистоларните елементи во примери репрезентативни автори од современата македонска книжевност за деца, и тоа епистоларниот роман „Шарени писма“ од Виолета Танчева-Златева, романот „Летачкиот човек Пеперут“ од Велко Неделковски, па се разгледуваат епистоларните елементи во творештвото за млади на Горјан Петревски, во романот „Далечна љубов“, романот „Сама“, романот „Задоцнети писма до Споменка“, романот „Спомените за Споменка“ и романот „Залуденост од заљубеност“, сите од Горјан Петревски.

На крај од секое поглавје се дадени библиографските единици кои се користени за изработка на овој универзитетски учебник и кои треба да им помогнат на студентите во истражувачката работа.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното, може да се заклучи дека предложениот ракопис за е-учебник по предметот „Реалистична македонска проза за деца и млади“ на концизен и едноставен начин ги обработува предметните содржини и е сосема во согласност со студиската програма и наставниот план на Филолошкиот факултет и дека ќе биде особено важна за студентите од студиската група Македонска книжевност за полесно совладување на наставните содржини по наведениот предмет. Освен тоа, сметаме дека учебникот ќе го развие истражувачкиот дух на постдипломците и ќе ги мотивира на понатамошна истражувачка работа во оваа област.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му го препорачуваме ракописот „Реалистична македонска проза за деца и млади“ од авторот проф. д-р Јованка Денкова. Се предлага ракописот од проф. д-р Јованка Денкова **да го прифати за објавување како рецензиран електронски учебник.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Блаже Китанов, с.р.**
**Проф. д-р Махмут Челик, с.р.**